EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

# ОДЛУКА

Апликација бр. 2500/16
Михаела МУХЕДИНОВА
против Северна Македонија

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел), заседавајќи на 13 декември 2022 година во совет составен од:

Lorraine Schembri Orland*, Претседател,*
Jovan Ilievski,
Diana Sârcu*, судии,*
и Dorothee von Arnim, *Заменик секретар на оддел,*

Земајќи ги предвид:

апликацијата (бр. 2500/16) против Република Северна Македонија поднесена пред Судот според член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (во понатамошниот текст: „Конвенцијата“) на 31 декември 2015 година од страна на г-ца Михаела Мухединова (во понатамошниот текст: „апликантката“), Македонка/државјанин на Република Северна Македонија, која е родена во 2014 година и живее во Битола, а ја застапувале нејзините родители г-дин М.М. и г-ѓа З.М., како и г-ѓа М. Сотироска, адвокат од Битола;

одлуката да се извести Владата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Владата“), застапувана од страна на нејзиниот агент, г-ѓа Д. Џонова за жалбените наводи според член 14 во врска со член 8 од Конвенцијата и член 1 од Протоколот бр. 12, а остатокот од апликацијата да се прогласи за недопуштена;

опсервациите на страните;

Откако заседаваше, одлучи како што следува:

## ПРЕДМЕТ НА СЛУЧАЈОТ

1. Случајот ги засега жалбените наводи на апликантката според член 14 во врска со член 8 од Конвенцијата и според член 1 од Протоколот бр. 12 дека таа била исклучена од примање на родителски

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

додаток врз основа на државјанството на нејзината мајка. Таа исто така се пожалила дека одбивањето на родителскиот додаток го повредило нејзиното право на почитување на нејзиниот семеен живот, што претставува повреда на член 8 од Конвенцијата.

## А. Позадина на случајот

2. Во февруари 2008 година Министерството за труд и социјална политика усвои стратегија за демографски развој на тужената држава за периодот 2008-15 година. Специфичните мерки и интервенции насочени кон зголемување на стапката на раѓање и подобрување на грижата за децата вклучуваа и финансиски поттик за брачните парови да имаат второ и трето дете. Оваа конкретна мерка беше имплементирана преку амандмани кон Законот за заштита на децата (Службен весник бр. 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009, 156/2009, 51/11 и 157/11) кој одредува дека родителскиот додаток може да се додели на мајка за нејзиното второ, трето и четврто живородено дете доколку мајката е траен жител на една од општините во која стапката на природен раст на населението била под 2,1 % во претходната година, според статистичките податоци од Државниот завод за статистика. Во став 30-а(2) беше одредено дека наведеното право може да го оствари мајка која е државјанин на тужената држава и која барем три години трајно живее во една од релевантните општини пред поднесување на барањето за додаток.

3. Откако Уставниот суд го поништи релевантниот став од овој Закон со одлуката У.бр.160/2008 со датум од 1 април 2009 година, беше усвоен нов *Закон за заштита на децата* од 2013 година (Службен весник бр. 23/13, 12/14 и 44/14), којшто, во став 38(1) одредува дека на мајките кои имаат барем три деца имаат право да искористат родителски додаток. Според став 38(2), додатокот им следува само на мајките кои се државјани на тужената држава и кои три години трајно живеат во тужената држава пред да го поднесат барањето за додаток.

4. Апликантот е трето дете на г-дин М.М. и г-ѓа З.М. Мајката на апликантката, З.М., е државјанин на Бугарија кој законски престојува во тужената држава од 1998 година. Во 2014 година З.М. стапила во брак со М.М., којшто е државјанин на тужената држава. Тие имаат три деца, од кои сите се Македонци/државјани на Република Северна Македонија.

## Б. Управна постапка во однос на родителскиот додаток

5. На 4 јуни 2014 година Центарот за социјална работа во Битола го одбил барањето за родителски додаток за дете поднесено од страна на

З.М. Од Центарот посочиле дека според член 38(2) од Законот за заштита на децата (Службен весник бр. 23/13, 12/14 и 44/14), родителскиот додаток кој е во прашање им следува само на мајките кои се државјани на тужената држава.

6. На 20 август 2014 година Министерството за труд и социјална политика ја одбило жалбата против горенаведената одлука поднесена од страна на З.М. Последователно на ова З.М. ја оспорила одлуката на Министерството пред Управниот суд.

7. На 22 декември 2014 година Управниот суд ја одбил тужбата на З.М. и утврдил дека таа не ги исполнувала законските услови наведени во Законот за заштита на децата и во Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче и на право на родителски додаток. Судот не беше известен дали против оваа одлука имало поднесена жалба пред Вишиот управен суд, ниту пак за нејзиниот исход доколку постоела.

## B. Претставка до Комисијата за заштита од дискриминација

8. З.М. и М.М. поднеле претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. З.М. навела дека претрпела дискриминација врз основа на нејзиното државјанство, наспроти други мајки кои го добиле родителскиот додаток за дете. М.М. навел дискриминација врз родова основа, поради тоа што не му следувал родителски додаток за дете иако подеднакво ги извршувал родителските должности и одговорности во однос на децата.

9. На 28 ноември 2014 година Комисијата за заштита од дискриминација донела мислење, во кое утврдила дека З.М. и М.М. не претрпеле дискриминација во однос на родителскиот додаток. Комисијата сметала дека наведениот додаток претставувал афирмативна законска мерка и дека тој бил наменет за поддршка на мајките кои се одговорни за грижата и воспитувањето на своите деца.

## C. Граѓанска постапка за дискриминација

10. Апликантката, преку нејзините родители кои дејствувале како законски застапници, поднела граѓанска тужба пред Основниот суд Битола, во која навела дека правото на еднаков третман ѝ било повредено така што претрпела дискриминација со нејзиното исклучување од родителскиот додаток врз основа на државјанството на мајката, во споредба со децата чии мајки се државјани на тужената држава. Таа се потпрела на, *inter alia,* на член 9 од Уставот, како и член 14 од Конвенцијата и член 1 од Протоколот бр. 12 кон Конвенцијата.

11. На 18 мај 2015 година Основниот суд Битола ја одбил тужбата на апликантката. Судот утврдил дека таа не претрпела дискриминација, бидејќи нејзината мајка не ги исполнувала законските услови за добивање родителски додаток во однос на државјанството. Судот понатаму утврдил дека апликантката немала активна легитимација за поднесување на тужбата бидејќи оспореното решение ја засегала нејзината мајка и бидејќи таа самата не била корисник на наведениот додаток.

12. На 17 септември 2015 година Апелациониот суд Битола ја одбил жалбата на апликантката и ја потврдил првостепената пресуда во целост.

## ОЦЕНКА НА СУДОТ

13. Апликантката навела дека родителскиот додаток ѝ бил одбиен по дискриминаторска основа. Таа се потпрела на членот 14 во врска со член 8 од Конвенцијата и на член 1 од Протоколот бр. 12. Апликантката исто така навела, под член 8 од Конвенцијата, дека одбивањето за родителскиот додаток претставувало повреда на нејзиното право на почитување на нејзиниот семеен живот.

14. Бидејќи во суштината на жалбениот навод на апликантката стои наводниот дискриминаторски третман, со оглед на околностите на разгледуваниот случај и имајќи предвид дека Судот владее со правниот карактер кој ќе им се даде на фактите на случајот (види *Radomilja and Others v. Croatia* [GC], бр. 37685/10 и 22768/12, параграфи 114 и 126, 20 март 2018 година), Судот смета дека е соодветно жалбените наводи на апликантката да се разгледуваат само од гледна точка на членот 14 од Конвенцијата во врска со член 8.

15. Судот смета дека не е потребно да се разгледуваат прелиминарните приговори поднесени од Владата, бидејќи разгледуваниот случај секако е недопуштен од следниве причини.

16. Општите принципи во врска со жалбениот навод на апликантката според член 14 во врска со член 8 од Конвенцијата се поставени во *Yocheva and Ganeva v. Bulgaria*, бр. 18592/15 и 43863/15, ставови 100-105, 11 мај 2021 година.

17. Во однос на разгледуваниот случај, Судот најпрво мора да воспостави дали постоела разлика во третманот помеѓу апликантката чија мајка не е државјанин на тужената држава и кое било друго дете чија мајка е државјанин на тужената држава. Судот забележува во врска со ова дека според член 38 од Законот за заштита на децата од 2013 година (види параграф 3 горе), родителскиот додаток за деца им се доделувал на мајки кои имале најмалку три деца (види, спротивно на ова, *Weller v. Hungary*, бр. 44399/05, став 37, 31 март 2009 година, во кој Судот сметал дека мајчинскиот додаток во прашање всушност бил

семеен додаток на кој имале право и останатите членови на семејството). Судот смета дека нема никаква индикација ниту аргумент од апликантката дека децата според законот се сметаат за корисници на споменатиот додаток. Мајката на апликантката поднела барање за овој родителски додаток кое ѝ било одбиено (види параграфи 5-7 погоре) бидејќи не ги задоволувала законските услови.

18. Судот понатаму забележува дека домашните судови, во граѓанската постапка која апликантката ја повела во сопствено име, утврдиле дека таа немала активна легитимација бидејќи таа не била носител на правото на наведениот родителски додаток (види параграфи 11 и 12 погоре). Поради ова, нејзиното право за користење на тој додаток никогаш не било признаено на домашно ниво. Понатаму, нема ништо во предметот што би објаснило зошто мајката на апликантката самата не повела граѓанска постапка за дискриминација на домашно ниво, ниту пак зошто не поднела апликацијата пред Судот.

19. Горенаведените утврдувања се доволни за да му овозможат на Судот да заклучи дека во околностите на предметниот случај не постоела разлика во третманот на апликантката врз основа на државјанството на нејзината мајка, бидејќи самата апликантка не би го имала правото на родителскиот додаток кој е во прашање, дури ни кога нејзината мајка би била државјанин на тужената држава. Според ова, нејзиниот жалбен навод според член 14 во врска со член 8 е очигледно неоснован и мора да се отфрли според член 35 ставови 3 (а) и 4 од Конвенцијата.

Од овие причини, Судот, едногласно,

*Ја прогласува* апликацијата за недопуштена.

Изработено на англиски јазик и доставено во писмен облик на 19 јануари 2023 година.

| | |
|---|---|
| Dorothee von Arnim<br>Заменик секретар | Lorraine Schembri Orland<br>Претседател |